<u>Образец бр.1</u>

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи |
| Министерство: | Министерство за внатрешни работи |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Весна Доревска, помошник на министерот во Секторот за правни работи и управување со човечки ресурси |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | 31. Октомври 2011 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Не |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. **Кои се главните проблеми?**

   Решенијата содржани во Законот за внатрешни работи потребно е да се усогласат со решенијата содржани во Законот за кривичната постапка ("Службен весник на Република Македонија бр. 150/2010).

   Со Предлогот на Законот ќе се пропишат и решенија, односно ќе се доуредат постојните законски решенија, кои имаат за цел надминување на практичните проблеми настанати при имплементацијата на Законот.

2. **Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

Законот за внатрешни работи ќе биде ревидиран со цел негово усогласување со решенијата содржани во Законот за кривичната постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 150/2010).
Ќе се изврши допрецизирање на одделни одредби со цел надминување на проблемите настанати при практичната имплементација на Законот.

Само регулаторни мерки.

3. **Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

   Министерство за внатрешни работи

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. **Кои информации и податоци се веќе достапни?**

   Во процесот на анализа и проценка на влијанието на регулативата достапни се решенијата содржани во Законот за внатрешни работи и во Законот за кривичната постапка.

2. **Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**

   Информации во врска со недостатоците на законот констатирани од неговата практична имплементација.

3. **Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?**

   Иницијална проценка на влијанието на регулативата

4. **Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**
   Проценката на влијание на регулативата ќе биде извршена од страна на ресурси на Министерството за внатрешни работи